Од:
Татјана Чакулев
[redacted]
Емаил: o2koalicija@gmail.com

До:
Инспекциски Совет
ул. Даме Груев бр. 3 блок 2, локал 5, Скопје

Претставка

Почитувани, на 31.08.2021 поднесов претставка до Државниот инспекторат за локална самоуправа по која е постапено, но незадоволително. Причините се следни:

1. По претставката постапи инспекторот Рахим Муслиу после 14 работни дена од нејзиното испраќање, на 21.09.2021. Според член 71 од Законот за инспекциски надзор, вонредниот инспекциски надзор се спроведува веднаш, а најдоцна во рок од 10 работни дена од приемот на иницијативата. Не е постапено согласно законот.

Претставката ја приложувам како прилог 1, известувањата од инспекторатот ги приложувам како прилог 2 и прилог 3.

2. Во претставката до инспекторатот наведов дека на наше барање да ни се достави линк до онлајн седницата на Советот на општина Карпош, упатено ден пред да се одржи седницата директно до градоначалникот на општината телефонски, директно до советничката во одделението за поддршка и организација на работата на Советот телефонски и писмено електронски до претседателката на Советот и на дента на седницата писмено електронски до градоначалникот, советничката во одделението за поддршка и организација на работата на Советот, Советот и сите советници, не добивме потврден одговор, туку префрлање на надлежноста од градоначалникот на претседателката на Советот и на советничката во одделението за поддршка и организација на работата на Советот, од советничката во одделението за поддршка и организација на работата на Советот на претседателката на Советот, за на крај линк до онлајн седницата не ни се испрати, туку електронски на мејл **три минути** пред почетокот на седницата, ни се испрати известување дека во физичка просторија на одредена локација можеме да ја следиме онлајн седницата на Советот на општина Карпош, преку нивна техничка опрема, иако беше нагласено дека се работи за поголема група на граѓани и дека се наоѓаме во пикот на четвртиот бран на ковид-19.

**Физички е невозможно** група на граѓани која сака да присуства на онлајн седница да биде **известена и да дојде** на одредена физичка локација во рок од три минути, за да следи онлајн седница **во услови на пик на ковид-19**.

Инспекторот заклучува дека нема направено повреда, со образложение дека ни било **одговорено на барањето** за следење на седницата. Но Законот за локална самоуправа

член 42 став (2) и (4) не вели дека одговор на барање за следење на седница може да се испрати до почетокот на седницата, туку вели дека седниците на советот се **ЈАВНИ** и дека на расправата за урбанистичките планови, присуството на јавноста **не може да се исклучи**. Седницата во случајов се одржуваше онлајн и не беше јавна, линк до седницата немаше. На јавноста не ѝ беше овозможено да присуствува, иако се расправаше за урбанистички планови, зошто немаше достапен онлајн пристап.

Ова е основата која е повредена. Седниците се јавни и треба такви да бидат, физички или онлајн. Законот не вели дека за да бидат јавни треба да се одобри присуство, во кој рок и сл. Едноставно треба да се јавни, а во случајов иако линк до онлајн седницата беше побаран од сите надлежни, тие не го доставија и со тоа оневозможија присуство на група на граѓани на седницата.

Фактот дека е оневозможено присуство на група на граѓани на седницата со тоа што е испратен одговор по е-маил ТРИ МИНУТИ пред почетокот на седницата, каде повторно НЕ Е испратен линк од седницата, туку се дадени насоки да се оди на физичка локација, во одредена просторија, што е НЕВОЗМОЖНО да се направи во тој рок, при тоа за време на пик на ковид-19, спротивно на препораките на здравствените власти, воопшто не е земен предвид.

По сите основи во овој случај, повредено е нашето право загарантирано со член 42 став (2) и (4) Законот за локална самоуправа.

3. Во претставката до инспекторатот наведов дека денот, часот и местото на одржувањето на седницата на советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, беа објавени на веб страната на општината на самиот ден на седницата во 08:59 часот, два часа пред почетокот на седницата, спротивно на член 39 став (4) од Законот за локална самоуправа кој вели задолжително да се објават најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата, на начин утврден со статутот. Статутот на општина Карпош вели дека денот, часот и местото на одржување на редовна седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи на седницата се објавуваат на огласна табла на Општината. На огласната табла на општината онлајн, со оглед дека се работи за онлајн седница, немаше споделено таков линк, туку во делот вести два часа пред почетокот на седницата. Напоменав дека општината редовно го крши законот по оваа основа.

Инспекторот при инспекцискиот надзор го побарал Решението/поканата за свикување на седницата на Советот на општина Карпош. И при увид на **ОВАА** документација, заклучил дека биле испочитувани законските одредби од член 39 став (4).

Законот е децидеен и вели дека **НАЈДОЦНА 7 ДЕНА** пред денот на одржување на седницата, се **ОБЈАВУВА** денот, часот и местото на одржувањето на седницата на советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, на начин утврден со статутот. Статутот вели дека објавата треба да е на огласната табла на општината. Инспекторот не побарал КАДЕ, КОГА и ШТО е ОБЈАВЕНО, туку побарал решение односно покана за свикување на седницата испратена електронски до членовите на советот, која била испратена 6 дена пред одржување на седницата.

Инспекторот немал основа да заклучи дека законот е испочитуван по овој основ и не ги презел соодветните мерки кој бил должен да ги преземе.
Инспекторот не побарал увид и за претходни случаи каде, кога и што е објавено, со оглед дека во претставката е кажано дека општината редовно ја прекршува оваа законска одредба.

Барам да се преиспита постапувањето на инспекторот по сите наведени основи и да се преземат соодветни мерки.

Со почит,
Татјана Чакулев
О2 Иницијатива
24.09.2021, Скопје

Прилог 1

Од:
Здружение О2 ИНИЦИЈАТИВА Скопје
БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД 72А/-41
Емаил: o2koalicija@gmail.com

До:
Државен инспекторат за локална самоуправа
Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 49 влез 001, кат приземје 1000 Скопје

Предмет: Претставка за кршење на Законот за локална самоуправа

Почитувани,

На вчерашната (одржана на 30.8.2021) 60та седница на Советот на општина Карпош јавноста беше исклучена и не и беше овозможено да присуствува, спротивно на член 42 став (2) од Законот за локална самоуправа кој гласи „Седниците на советот се јавни“. Особено што став (4) од истиот член вели „На расправата за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.“, а оваа седница имаше урбанистички план за усвојување и јавноста не можеше да се исклучи.
Седницата се одвиваше преку платформата ZOOM и советниците и вклучените лица од општината имаа линк од закажаната седница на Зум за 11 часот.

Од наша страна, ден претходно, на 29.8.2021, беше побарана достава на линкот за да присуствуваме на седницата, за која имаше заинтересирано поголема група на граѓани, директно преку телефонски разговор од градоначалникот на општина Карпош, г-ин Стефан Богоев и од г-ѓа Ивана Ордевска, од одделението за поддршка и организација на работата на Советот.

Градоначалникот одговори дека претседателката на Советот и правничката се надлежни за тоа прашање и ни го испрати телефонскиот број на г-ѓа Ордевска.
Г-ѓа Ордевска утрото на 29.8.2021 ни одговори дека треба да види со претседателката на Советот, зошто таа ги свикувала седниците на Советот. Во вечерните часови одговорот беше дека не успеала да стапи во контакт со претседателката на Советот и најдобро ние да ѝ испратиме писмено барање по мејл. Телефонскиот број на претседателката на Советот не ни беше даден, со образложение дека е приватен број.
Испративме писмено барање по мејл на 29.8.2021 во 18:54, 19:01 и 19:07 до претседателката на Советот, г-ѓа Пеливанова, на сите три нејзини мејл адреси, но одговор не добивме.

На 30.8.2021 во 9:01 испративме повторно барање по мејл за достава на линкот на Зум до градоначалникот, правничката Ордевска, Советот и сите советници.
Во барањето напоменавме, со оглед дека поголема група на граѓани сака да присуствува на седницата, а се наоѓаме во пикот на четвртиот бран на ковид-19, дека не прифаќаме да ни биде предложено, како што ни беше во минатото за исто барање на следење на седницата на Зум, да одиме во просториите на урбаната заедница урбаната заедница „Кузман Јосифовски- Питу" во Козле и ја следиме таму седницата на Зум.

Нагласивме дека такви услови се неприфатливи и не се пропишани со закон или други прописи на општината и се спротивни на здравствените мерки и ковид протоколите. Зошто причините поради кои седниците се одвиваат на Зум, виртуелно, се исти и за граѓаните кои сакаат да присуствуваат на истите и не смее условите за советниците да се разликуваат од условите за граѓаните.

Одговор по мејл добивме од правничката Ордевска во 10:57, на три минути од почетокот на седницата, каде нѐ известува дека во просторија на У.З КЈП и У.З.ПБК, на улица Стрезово број 7, можеме да ја следиме седницата на Советот на Општина Карпош, преку нивна техничка опрема (преносни компјутери и видео бим).

Секое прилагодување за физичко присуство за да се следи виртуелната седница на Советот не беше возможно во рок од три минути. Воедно, претставува дискриминација на граѓаните по однос на вклучување на седницата виртуелно на Зум, со одредување на физичка локација за граѓаните каде треба да се собереме и ја следиме на нивни компјутери седницата виртуелно.

Сакаме да напоменеме дека денот, часот и местото на одржувањето на седницата на советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, што задолжително треба да се објави најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата, согласно член 39 став (4) од Законот за локална самоуправа, беа објавени на самиот ден на седницата во 08:59 часот, два часа пред почетокот на седницата, https://karpos.gov.mk/%d1%88%d0%b5%d0%b5%d1%81%d0%b5%d1%82%d0%b0-%d1%81%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b8%d1%86%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d1%81%d0%be%d0%b2%d0%b5%d1%82%d0%be%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%be%d0%bf%d1%88%d1%82%d0%b8%d0%bd%d0%b0/

Ова прекршување општината го прави редовно при објава на податоците за претстојните седници на Советот.
Законот е прекршен по повеќе основи. Бараме Државниот инспекторат за локална самоуправа да поведе соодветна постапка против надлежните во општината и соодветно да нѐ извести.

Со почит,

Татјана Чакулев
О2 Иницијатива
31.08.2021, Скопје

Прилог 2

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа
**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
**Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

Бр./Nr.________
17.09.2021

**Скопје/Shkup**

**ДО : Татјана Чакулев**
**(o2 koalicija@gmail.com)**
**Бул. "Партизански Одред" 72А/-41**
**1000 Скопје**

Предмет: Известување
Врска : Наш арх. бр.08-1074 од 01.09.2021 година.

Почитувани,

Ве информираме дека, постапувајќи по поднесок, доставен до нас на надлежност, на ден 01.09.2021 година, од Ваша страна, предмет со наш арх.бр.08-1074, Државниот инспектор за локална самоуправа, по завршување на планираните месечни вонредни надзори за првата половина од месец Септември, Ве известува дека на ден 21.09.2021 година ќе изврши вонреден инспекциски надзор во седиштето на општина Карпош.

За наодите од извршениот вонреден надзор и од содржината на Вашата претставка ќе добиете писмено известување во рок од три дена по извршениот надзор.

Со почит!

Rrahim Musliu-Виш Државен инспектор за локална самоуправа
---------------- Службена легитимација бр.13-0002
М.П.


Влада на Република Северна Македонија Бул Митрополит Т. Гологанов,бр.49, влез 001, кат-приземје бр..000, 1000 Скопје +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа Република Северна Македонија www.dils..gov..mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, Bul Mitropolit T. Gologanov,nr.49,hyrja 001, kst-perdhese,nr.000,1000Shkup ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale Republika e Maqedonise se Veriut www.dils.gov.mk

Прилог 3

Република Северна Македонија

Министерство за локална самоуправа

**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

**Inspektorati shtetëror për vetëqeverisje lokale**

Бр./Nr. 08-1074

23.09.2021

**Скопје/Shkup**

До : Татјана Чакулев
( email :o2koalicija@gmail.com)
[redacted]
1000 Скопје

Предмет: **Доставување на известување**

**Врска : Наш бр.08-1074, од 01.09.2021 година**

Почитувани,

До Државниот инспекторат за локална самоуправа, на ден 01.09.2021 година, од Ваша страна е доставена претставка со Барање за оценување на уставноста и законитоста на работата на Советот на општина Карпош, поконкретно за оневозможување на заинтересирани граѓани да учествуваат во седницата на Советот на општина Карпош.

Државниот инспектор за локална самоуправа, по направената анализа врз Вашиот допис, во согласност со определената надлежност во Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 187/13, 43/14 и 64/18) и по разгледување на фактите, односно увидот во документацијата како и содржината на добиеното барање од Вас, Ве известува со следното :

Инспекторот имаше средба со Секретарот на општина Карпош, г-дин Стојан Алексов, со г-ѓа Ивана Ордевска, советник во одделението за подршка на Советот во општинската администрација и со г-ѓа Марија Николова од одделението за подршка на Советот на општина Карпош и на ден 21.09.2021 година, инспекторот изврши вонреден инспекциски надзор и составил Записник со наш арх.бр. 08-1074.

Со Секретарот на општина Карпош и со останатите беа дискутирани сите моменти и факти наведени од Ваша страна во дописот.


Влада на Република Северна Македонија Бул Митрополит Т. Гологанов,бр.49, влез 001, кат-приземје бр..000, 1000 Скопје +389 2 3256762
Државен инспекторат за локална самоуправа Република Северна Македонија www.dils.gov.mk
Qeveria e Republikes se Maqedonise se Veriut, Bul Mitropolit T. Gologanov,nr.49,hyrja 001, kst-perdhese,nr.000,1000Shkup ++38923256762
Inspektorati shteteror per veteqeverisje lokale Republika e Maqedonise se Veriut www.dils.gov.mk

Од претставниците на општина Карпош кои учествувале во овој вонреден инспекциски надзор, беше побарано и од нивна страна беше приложена следната документација, почнувајќи од :

1. Статутот и Деловникот за работа на Советот на општина Карпош.
2. Решението за свикување на пленарната 60-та седница на Советот на општина Карпош.
3. Евиденционен лист за присуство на седницата од страна на членовите на Советот на општина Карпош, одржана на ден 30.08.2021 година.
4. Усвоениот Записник од одржаната седница на ден 30.08.2021 година.
5. СМС пораката до сите членови на Советот, од 23.08.2021 година.
6. Електронската комуникација (емаил и телефон) помеѓу Ивана Ордевска и Татјана Чакулев (во Недела, 29.08.2021 година).
7. Е-мајлот до Претседателот на Советот пратено од о2 коалицијата.
8. Истиот е-мајл во денот на одржување на седницата.
9. Одговорот од Ивана Ордевска на барањето до о2 коалицијата.
10. Копија од линкот за седницата.

**Ве информираме** дека, нашиот инспекторат работи според Законот за локална самоуправа, Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа, Законот за инспекциски надзор, и други закони, како и надлежноста на овој инспекторат е вршењето на надзор на законитоста на прописите на општините како и постапката за нивно донесување.

Од извршениот надзор, од бараната и добиената документација од претставникот на општина Карпош и од анализата направена врз нив како и од содржината на Вашето барање, во продолжение, ќе ги кажуваме нашите мислења и ставови по однос на поставените прашања.

1. По однос на првото прашање односно исклучување или поточно неовозможување да присуствуваат на седница на Советот на заинтересирани граѓани на општина Карпош и Ваше спомнување на член 42 став (2) и (4).

**Одговор наш:** Бидејќи седниците на Советот на општина Карпош се одржуваат онлине поради Ковид 19 и дека Ви е одговорено на Вашето барање со обезбедување на простории и техничка опрема за следење на седницата на Советот, додека причините за неприфаќање на понуденото ние не ги знаеме и немаме надлежност да вршиме притисок или друго влијание на работата на органите на општината и дека наша надлежност е оценување на уставност и законитост на донесени прописи на општините.

2 .По однос на второто прашање, по однос на денот, часот и местото на одржување на седницата на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, што задолжително треба да се објави најдоцна седум дена пред денот на одржување на седницата, согласно член 39 став (4) од Законот за локална самоуправа, беа објавени на самиот ден на седницата во 08.59 часот, два часа пред почетокот на седницата.(според Вас)

**Одговор наш:** Од извршениот надзор и во согласност со нашите законски надлежности, оценување на уставност и законитост на донесени прописи од советот на општината како и постапката на нивно донесување, во конкретниот случај, е побарано Решението/поканата за свикување на седницата на Советот на општина Карпош, со арх.бр.09-5967/2 и од увидот во електронската комуникација помеѓу одговорното лице во општинската администарција и членовите на советот, Поканата со дневниот ред за 60-тата седница е пратена на два дела, првиот дел на 24.08.2021 година во 14.16 часот и другиот дел ист ден во 14.17 часот. Од увидот во добиената документација се гледа дека се испочитувани законските одредби од член 39 став (4).
Од наодите од извршениот инспекциски надзор, од разговорите со Секретарот на општина Карпош, како и со другите претставници на општина Карпош и од анализата направена врз документацијата која е добиена од претставникот на општината кој учествуваше во овој надзор, во согласност со нашите Законски надлежности, Ве известуваме дека овој случај за нас е завршен и дека се ЗАПИРА покренатата постапка.

На крајот, Ве информираме дека инспекторот на ден 17.09.2021 година, во просториите на ДИЛС, имаше средба со г-ѓа Татјана Стојановска и со нејзе беа разговарани сите моменти од Вашата претставка и со допис до подносителите, на ден 17.09.2021 година, беа информирани за денот на извршување на надзорот.( известувањето на рака му беше дадено на г-ѓа Татјана Стојановска)

Со почит,

Rrahim Musliu-Виш Државен инспектор за локална самоуправа

------ Службена легитимација бр.13-0002